**З А П И С Н И К**

од спроведен Јавен повик за членство во Локално собрание на млади
на Општина Гевгелија

На 7 октомври 2024 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија распиша Јавен повик за членство во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија бр. 19-1259/1, во времетраење од 15 дена, односно заклучно со 22 октомври 2024 година. Повикот беше објавен на огласната табла, официјалната веб-страница, социјалниот медиум и „Дневниот билтен“ на Општина Гевгелија, како и на социјалниот медиум на ТВ „НОВА“- Гевгелија.

Исто така, на 7 октомври 2024 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија испрати електронско известување за објавувањето на Повикот и потребната документација до организации и инстититуции, коишто делуваат преку различни форми на младинско здружување: РЦОР- Гевгелија, Здружение на граѓани „Од станица до граница“- Гевгелија, Здружение на граѓани „Гевгелија Точак Клуб“- Гевгелија, СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Факултет за туризам бизнис и логистика во Гевгелија при УГД „Гоце Делчев“- Штип, Здружение на граѓани „Мултимедија“- Гевгелија, Центар за едукција, култура и активизам на млади „Мултус“- Гевгелија, Здружение на граѓани „Еко Лајф“- Гевгелија, Фондација „Аполонија“- Гевгелија, Здружение на граѓани „Апитоксин“- Гевгелија, Литературен клуб „Јоска“- Гевгелија, Здружение на граѓани Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија“, Здружение на граѓани „Арт Ум“- Гевгелија, Здружение на граѓани „АРТ ЕКВИЛИБРИУМ“- Гевгелија, Здружение на граѓани Планинарски спортски клуб „Кожуф“- Гевгелија, ЗГ Планинарски спортски клуб „Двете уши“- Гевгелија, Здружение на граѓани Ракометен клуб „Партизан“- Гевгелија, Здружение на граѓани „Женски ракометен клуб“- Гевгелија, Здружение на граѓани Тениски клуб „Круна“- Гевгелија, Здружение на граѓани „Чејнџмејкерс“- Гевгелија и подмладоците на политичките партии: ОК ВМРО-ДПМНЕ- Гевгелија, ОО СДСМ- Гевгелија и ЛО ЛЕВИЦА- Гевгелија.

Во прилог на известувањето, им беа испратени Законот за младинско учество и младински политики и Прирачникот за работа на Локален младински совет. Со напомена дека, согласно Законот, организациите и различните форми на младинско здружување можат да извршат реизбор на нивниот претставник што го номинирале за член во претходниот состав на Локалното собрание на млади на ОГ.

Во меѓувреме, на 18 октомври 2024 година, Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Решение за формирање Верификациона комисија бр. 08-1304/1, составена од вработени во Општина Гевгелија за разгледување на пристигнатите пријави по Повикот за членство во Локално собрание на млади и верификација на мандатите.

Во предвидениот рок пристигаа 10 пријави од:

- Здружение на граѓани „Од станица до граница“, бр.19-1259/2 од 16.10.2024 г.;
- Општинска организација на Црвен крст- Гевгелија- Клуб на млади, бр. 19-1259/4 од 18.10.2024 година;
- Здружение за мултимедијална култура „Мултимедија“- Гевгелија, бр. 19-1259/6 од 22.10.2024 година;
- Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија, бр. 19-1259/7 од 22.10.2024 година;

- Унија на млади сили на ВМРО- ДПМНЕ ОК Гевгелија, бр.19-1259/8 од 22.10.2024 година;

- Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија, бр.19-1259/9 од 22.10.2024 година;

- Средношколска заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија бр. 19-1259/10 од 22.10.2024 година;

- Социјалдемократска млади на Македонија- ОО СДСМ Гевгелија, бр. 19-1259/11 од 22.10.2024 година;

- Центар за едукција, култура и активизам на млади „Мултус“- Гевгелија и ЛО ЛЕВИЦА- Гевгелија испратија дописи бр. 19-1259/3 од 17.10.2024 година и 19-1259/5 од 21.10.2024 година преку коишто известија дека не вршат реизбор на претставниците-членови на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија во првиот состав, ниту пак номинираат нови претставници од нивните организации за членови во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија.

Седницата на Верификационата комисија се одржа на 25.10.2024 година, во просториите на Општина Гевгелија, со почеток во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа:

- Петар Јанчев, претседател на Верификационата комисија и службеник за млади во Општина Гевгелија;
- Љупка Вукашиновска, член на Верификационата комисија и
- Ристо Аџиниколов, член на Верификационата комисија.

На седницата, Комисијата работеше по следниот дневен ред:

1. Разгледување документација за номинација на членови- делегати и заменик-делегати во Локално собрание на млади;
2. Констатирање престанок на мандати на делегати и заменик-делегати од претходниот состав на Локалното собрание на млади и
3. Верификација на мандати на нови делегати и заменик-делегати во Локалното собрание на млади.

Разгледувајќи ги пријавите и констатирајќи дека потребната документација доставена од организациите е уредна и доставена во утврдениот рок, Верификационата комисија го потврди мандатот на:

- Ѓорги Новаковски за делегат и Андреј Димов за заменик-делегат во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, номинирани од Здружение на граѓани „Од станица до граница“- Гевгелија;

- Јосиф Зоев за делегат и Мартин Стојанов за заменик-делегат во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, номинирани од ОО Црвен крст- Клуб на млади Гевгелија;

- Петар Гребенаков за делегат и Ивана Толева за заменик-делегат во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, номинирани од Здружение за мултимедијална култура „Мултимедија“- Гевгелија;

- Бруно Алчинов за делегат (продолжен мандат) и Цветанка Костадинова за заменик-делегат во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, номинирани од Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија;

- Валентина Ангелова за делегат и Сања Пенова за заменик-делегат во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, номинирани од Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ ОК Гевгелија;

- Петар Дагалев за делегат и Марија Калинова за заменик-делегат во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, номинирани од Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија;

- Михаил Петров за делегат и Анастасија Атанасова за заменик-делегат во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, номинирани од Средношколската заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија;

- Ангел Аевски за делегат и Оливер Велков за заменик-делегат во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, номинирани од ОО СДСМ – Социјалдемократска младина на Македонија;

бр. 19-1316/4
25.10.2024 год.
Гевгелија

службеник
за млади во Општина Гевгелија,
претседател на Верификациона комисија,

**Петар Јанчев**
**с.р.**